УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА -
КУМАНОВО

# СТОЈАНОВСКИ ДУШКО

18 - II — 7 - III - 1983 год.

## ДУШКО СТОЈАНОВСКИ

### — академски сликар (костимограф)

Роден на 15 — V — 1930 год. во Скопје Средна Уметничка школа завршил 1949 г. во Скопје 1954 година дипломирал на Академија за применета уметност во Белград во класата на професорите Милица Бабиќ — Јовановиќ и Павле Васиќ. Работел како професор во училиштето за применета уметност во Скопје, а од 1968 година работи како костимограф во Телевизија Скопје. Учествувал на изложбите организирани од Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија и изложбите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

# ТВОРЕЧКИОТ МИГ В

## ДУШКО СТ

Специфичниот сензибилитет на македонскиот уметник за ткаечките вештини се должи на разгранетоста во хоризонтална и пробивот во вертикала на нивните органски враснати корени во обичаите менталитетот на овој народ.

Денес бележиме неверојатен подем на таписедијата. Особено последниве две децении, интересирањето за неа и нејзиниот константен развој доживуваат неверојатна експанзија.

Реперкусиите од ваквиот растеж се комплексни: а) добивање на статус рамноправен на сликарството, скулптурата и графиката, односно ликовен третман б) обновување на прекинатите или неволно цврстите нитки со природата како рефлекс на алиенацијата поттикнат останатото од носталгијата за оневозможениот контакт со коренот на егзистенцијата), ц) се почесто присуство на теписеријата како фактор на хуманизацијата и облагородувањето на поширокиот човечки амбиентален простор.

Творештвото на СТОЈАНОВСКИ следи една спокојна и сталожена креативна еволуција, која спонтано и логично се развива по една нагоре ориентирана ликовна патека: од стилизираните претстави на стварноста со декоративни примеси (пејзаж, фолклор и сл.), преку поголеми или помали асоцијации на постоечкото, до целосно негирање на визуелната фактографија. Денешните ликовни предлози на СТОЈАНОВСКИ го откриваат авторовото љубопитство за процесите во органскиот свет (гео и биолошки структури или географски формации набљудувани од птичја перспектива). Во таа мисла тој станува дел од вечно актуелните враќања и стремежи за постојана корелација и усогласување со ритмот на природата.

Ваквите идејни појдовници, низ обмислена ликовна транскрипција се соопштени како индивидуализирани микро или макро облици, делумно разбременети или наполно ослободени од декоративните составки. Формата и нејзината организација во

## ВО ТАПИСЕРИИ НА

## ОЈАНОВСКИ

композицијата упатуваат на осамостоен морфолошки систем што ги почитува благородните особености на материјалот СТОЈАНОВСКИ ја гради композицијата на повеќе начини: со независни форми со свој продолжеток во поширокиот анвиронман со затворени, концентрично богато разработени облици и со едновремено конфронтирани отворени и затворени формации.

Хроматската концепција го открива сеозибилитетот за врамнотежената колористичка хармонија во природата. Валерските градации на сиво-црните, умбрите, деликатните слезови, нечисто - бели, песочни, земјени и железно - маслинести како доминатна, ги констрастира со успокоени портокалови, кармин или вишна нијанси. Ваквото тонско степенување во некои случаи го алтернира со колористички спротивставувања.

Со рељефна обработка се разбива мазната површина на тапиСеријата, а пластичните ефекти добиени само со играта на еден единствен материјал, го постигнуваат впечатокот на енформелската постапка. Од друга страна, настојувањето да се сугерира третата димензија соопштува деликатни врски соскулптурата а црно-белите одблесоци и меандрите на арабеската во лирскиот цртеж, го поврзуваат со графичката дисциплина.
Сето тоа укажува на еден творечки немир и желба за соочување со непознатото. Можеби затоа така убедливо е соопштена општата раздвиженост во тапиСеријата.

Динамиката е резултат на конфронтацијата на различните текстури, на малите и големите, отворените и затворените облици, на црно-белото, светло-темното, топло-студениот колорит, на органиската со чисто ликовната форма.

А онаму каде неспокојството и истражувањето се констатира и база на творецот не треба да дозволиме да згасне нашето внимание и љубопитност.

Соња Абаџиева Димитрова

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1960 — Скопје, Работнички универзитет
— Битола, Уметничка галерија
1961 — Скопје, Уметничка галерија павиљон
1962 — Белград, Музеј примењене уметности
1962 — Охрид, Работнички универзитет
1965 — Приштина, Работнички универзитет
1970 — Скопје, Центар за култура и информации на гард Скопје
1977 — Холандија — Арием — Ајховен — Амстердам
1978 — Австралија — Сиднеј
1979 — Скопје, Центар за култура и информации
1980 — Скопје, Центар за култура и информации
1982 — Битола, Уметничка галерија
1982 — Неготино, Градски музеј

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1962 — Скопје, Работнички дом
1963 — Белград, Современа Југословенска таписерија
1963 — Скопје, НОБ во творбите на ликовните уметници
1965 — Дижон — Франција (ДЛУПУМ)
1970 — Скопје, МОЕТО САКАНО ДЕЛО
1978 — Ложд — Полска, Меѓународна изложба на таписерии
1978 — Сарајево, Југословенска изложба на таписерии
1979 — Кина — Современа Југословенска таписерија
1983 — Рим — Италија, Современа Југословенска таписерија

## СТУДИСКИ ПАТУВАЊА

Италија, Германија, Чешка, Полска Турција, Грција, Франција и Холандија

адреса: ул. „Пржино“ бр. 12 Скопје,
Тел. 223-194

## К А Т А Л О Г

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | тапиcерија | бр. 7 | димензии | 105 x 140 | см. |
| 2. | „ | бр. 15 | „ | 82 x 150 | см. |
| 3. | „ | бр. 45 | „ | 110 x 200 | см. |
| 4. | „ | бр. 40 | „ | 150 x 105 | см. |
| 5. | „ | бр. 42 | „ | 170 x 110 | см. |
| 6. | „ | бр. 34 | „ | 100 x 150 | см. |
| 7. | „ | бр. 38 | „ | 135 x 95 | см. |
| 8. | „ | бр. 52 | „ | 165 x 110 | см. |
| 9. | „ | бр. 55 | „ | 120 x 180 | см. |
| 10. | „ | бр. 49 | „ | 100 x 150 | см. |
| 11. | „ | бр. 53 | „ | 100 x 150 | см. |
| 12. | „ | бр. 51 | „ | 100 x 150 | см. |
| 13. | „ | бр. 18 | „ | 60 x 80 | см. |
| 14. | „ | бр. 2 | „ | 60 x 80 | см. |